Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

Министерството за правда врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр.19-432/2021 доставено од преку полномошникот

**донесе**

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер УП1 бр. 19-432/2021 **се одобрува** и се дава следната информација:
- во 2020 година врз основа на поднесени трошковници за постапки за правна заштита на права на деца на адвокати им се исплатени 249.440,00 денари.

**Образложение**

преку полномошникот до Министерството за правда достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое побара да и биде дадена информација за тоа колку средства се исплатени од страна на Министерството на адвокати за трошковници за постапки за правна заштита на права на деца во 2020 година.

Министерството за правда го разгледа Барањето и ја достави бараната информација.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА**
Раководител на сектор
Убавка Матевска

УП1 бр. 19-432/2021
04. 03. 2021 год.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification